# Стандард на компетенции за надворешни евалуатори

## СТАНДАРДИ ЗА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА НАДВОРЕШНИ ЕВАЛУАТОРИ

Профил на работата (Опис на работата):

- Учествува во планирање и организација и врши надворешна евалуација на воспитно-образовните институции/даватели на услуги врз основа на закон- и важечка- рамка за надворешна евалуација и истата ја прилагодува доколку е потребно.
- Го мери квалитетот на специфичните подрачја од рамката за надворешна евалуација со цел да се подобри реализацијата на наставни планови и програми, постигањата на учениците, учењето и наставата, поддршката на учениците, училишната клима, ресурсите и управувањето и раководењето и вршењето контрола на усогласеноста со законските и подзаконски акти.
- Соработува со релевантните засегнатите страни[1] и овластените воспитно-образовни институции/ даватели на образовни услуги и/или врши координација на тимот за надворешна евалуација (вклучувајќи евалуатори од надлежните образовни институции).
- Формира процена за воспитно-образовните институции/ даватели на образовни услуги имајќи ги предвид резултатите од самоевлуацијата; формирајќи мислење врз основа на податоците и информациите собрани од воспитно-образовните институции преку анализа на документи, директно наблудување на наставен час, фокус групи, прашалници и разговори со надлежните институции, вработените во воспитно-образовните институции/ даватели на образовни услуги, родителите, учениците, наставниците и останатите засегнати страни како што се претставниците на локалната заедница, итн.).
- Разменува мислења, дискутира и ги усогласува наодите со тимот за надворешна евалуација и тим лидерот, и за наодите го запознава директорот на воспитно-образовната институција/даватели на образовни услуги.
- Доставува до воспитно-образовните институции/давателите на образовни услуги нацрт извештаи со наоди од надворешна евалуација и ги поврзува наодите со јаките и слабите страни, заедно со препораки.
- Подготвува извештај имајќи ги предвид законите за заштита на личните податоци.
- Планира, помага и координира со процесот за надминување на слабите страни од надворешната евалуација на воспитно-образовните институции/ даватели на образовни услуги (вклучувајќи идентификација на примерите за добри практики, годишните проценки и тематските екстерни проценки или проекти)
- Врши мониторинг на напредокот, квалитетот и навремената примена на препораките од надворешната евалуација.

[1]Министерства, училишта и други образовни институции, локалната заедница, бизнис заедницата, родители, ученици

| Стандард на компетенции за надворешни евалуатори | | |
|---|---|---|
| Почетни барања | | |
| Услови (општи и посебни) | 5 години работно искуство во воспитно-образовниот процес.<br><br>Универзитетска диплома на ниво VI- А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен. | |
| Подрачја на стручност | Знаења, вештини и ставови | Карактеристики на компетентните евалуатори |
| ПОДРАЧЈЕ 1. ОСНОВНИ КОМПЕТЕНЦИИ | | |
| 1. Основни компетенции | Одговорност<br><br>Доживотно учење<br><br>Само-рефлексија<br><br>Самоуправување<br><br>Продуктивност<br><br>Кооперативност<br><br>Решавање на проблеми<br><br>Сигурност | ● Постапува етички преку практиката на евалуација која демонстрира интегритет (почитување на Етичкиот кодекс и/или на некои други релевантни документи).<br><br>● Ги почитува луѓето од другите социјални, културни и малцински групи.<br><br>● Демонстрира современи вредности во образованието, промовирајќи и поддржувајќи образовни политики на државата.<br><br>● Поседува аналитички, креативни, практични способности да најде и примени знаење, вклучително и решавање на проблеми. |

| | | |
|---|---|---|
| | Интегритет<br><br>Аналитички вештини<br><br>Вештини за синтеза<br><br>Вештини на пишување<br><br>Доверливост<br><br>Објективност<br><br>Донесување на одлуки<br><br>Планирање и организациски вештини<br><br>Непристрастност<br><br>Комуникациски вештини<br><br>Ефикасност<br><br>Креативен<br><br>Иновативен | ● Користи ИТ за поддршка и управување со евалуацијата.<br><br>● Во состојба е незвисно или со мал надзор да ги изврши сите задачи од професијата   екстерен евалуатор, во рамките на образовната институција/ давател на услуги.<br><br>● Вложува во континуираниот личен развој.<br><br>● Ги штити легитимните јавни интереси на физички и правни лица.<br><br>● Рефлектира за процесот и сопствената работа  и практиката при надворешна евалуација.<br><br>● Воспоставува отворени, позитивни професионални односи со сите воспитно-образовни институции/даватели на образовни услуги, одржувајќи и применувајќи принципи на сигурност,  објективност, доверливост и професионални компетенции.<br><br>● Поседува добри вештини на комуникација и групна работа, покажувајќи индивидуална одговорност и ефикасност. |

| ПОДРАЧЈЕ 2. ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА ЗА ЕКСТЕРНИ ЕВАЛУАТОРИИ<br><br>Во фокус го има тоа што ги разликува евалуаторите од останатите професионалци во образованието | | |
|---|---|---|
| 2. Професионално знаење, вештини и ставови | Познавање на системот на образование и обука<br><br>Разбирање на основните документи кои го регулираат образованието<br><br>Соодветно толкување и примена на законската регулатива<br><br>Идентификација и проценка на ризик<br><br>Познаење и примена на процедурите з анадворешна евалуатори | • Го познава образовниот систем на државата, потребите на пазарот на трудот и важечките закони и се информира за главните наоди на меѓународните и националните истражувања.<br>• Поседува теоретско знаење и практични вештини за проценка на имплементацијата на наставната програма, педагогијата (вклучувајќи ги современите новитети), процесите на подучување и учење и оценување на учениците.<br>• Ги познава, разбира и применува законските и основните документи.<br>• Користи систематски сигурни, прецизни и релевантни докази за правење на евалиуациски проценки.<br>• Критички размислува за надворешна евалуација поради унапредување на практиката.<br>• Професионално се развива, врз основа на личен план за професионален развој за проширување на сопствените компетенции и следење на современите трендови во образованието. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Ја разбира целта и вредноста на евалуацијата, сложеноста на процесот на евалуација, различните улоги и тоа што се очекува да се постигне.<br>• Ефективно ги планира, организира, насочува и контролира неопходните ресурси за евалуација, со цел запазување на предвидените рокови.<br>• Јасно, кохерентно и недвосмислено ги пополнува релевантните инструменти во согласност со законот.<br>• Гради колаборативни и стимулирачки односи во тимот, промовирајќи атмосфера на постојано подобрување.<br>• Ги известува претпоставените за евентуалните поплаки за непочитување на законот за време на надворешната евалуацијата.<br>• Ги застапува вредностите и релевантноста на надворешната евалуација.<br>• Избира и пренесува успешни практики на воспитно-образовните институции / даватели на образовни услуги на национално ниво. |

| ПОДРАЧЈЕ 3. ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ<br><br>Во фокус гиима меѓучовечките односи и социјалните интеракции кои се основа на ефективноста на евалуаторите во професионалната пракса во текот на пред-евалуацијата, евалуацијата на лице место и пост-евалуацијата и тимската работа | | |
|---|---|---|
| 3.1. Комуникација пред, евалуација, за време и после надворешната евалуација | Интеркултурни компетенции<br><br>Деловна комуникација<br><br>Поддршка<br><br>Решавање на проблеми<br><br>Способност за убедување<br><br>Тимска работа | • Изразување на толеранција и емпатија во комуникацијата.<br>• Комуницира јасно, убедливо, навремено и концизно, вербално и писмено за процесите на екстерната евалуација и за правните последици од постапување и непостапување.<br>• Се прилагодува на стилот на вербална и писмена комуникација во однос на публиката и целта.<br>• На сите заинтересирани страни им дава јасни, недвосмислени и конструктивни повратни информации за резултатите врз основа на доказите.<br>• Овозмоува заедничко разбирање за програмата/планот на евалуација со заинтересираните страни.<br>• Активно слуша за да ги разбере и примени согледувањата.<br>• Гради доверба преку евалуација.<br>• Води сметка процесот на евалуација да биде објективен.<br>• Конструктивно управува со конфликтите. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.2. Подготовка и испраќање на извештаите за надворешна евалуација | | • Навремено изработува јасен, прецизен, веродостоен, целосен и концизен нацрт извештај, согласно закон.<br>• Во извештајот наведува наоди и проценки во врска со предметот на евалуација, имајќи ги предвид придонесите на секој член на тимот.<br>• Во нацрт извештајот изготвува препораки, кои се логичка последица на целта на евалуацијата и кои се засноваат на наодите од евалуацијата.<br>• Информира и известува согласно законската регулатива.<br>• Одговара на забелешките од воспитно-образовните институции/даватели на образовни услуги и прифатените ги внесува во извештајот за евалуација. |
| 3.3. Комуникација со тимот на надворешни евалуатори | | • Учествува и/или на конструктивен начин ги води ~~ење на~~ состаноците на тимот евалуатори на ~~конструктивен начин~~ за да се дојде до точни и прифатливи проценки за сите.<br>• Поддржува заедничко донесување на одлуки за евалуација.<br>• Дава позитивен придонес кон дискусии, дебати, дијалог и мислења, со почитување на индивидуалноста на секој евалуатор. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| ПОДРАЧЈЕ 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ЕВАЛУАЦИЈАТА<br><br>Во фокус има технички аспекти на систематското испитување засновано на докази во соодветни цели | | |
| 4.1. Собирање и анализа на податоците | Основни истражувачки вештини<br><br>Техника на собирање податоци, вклучувајќи подготовка на прашалници, интервјуа и набљудување на активностите настава- образование<br><br>Документирање на податоците<br><br>Примена на квантитативни, квалитативни и измешани методи на истражување поради учење, разбирање, донесување на одлуки и проценки<br><br>Проверка на документацијата | • Идентификува цели и потреби за евалуација.<br>• Одредува прашања за евалуација.<br>• Одредува и потврдува користење на соодветни методи (квантитативни, квалитативни и мешовити методи) да одговараат на прашањата во врска со евалуацијата.<br>• Го идентификува и проценува квалитетот на релевантноста и сигурноста на изворите на докази во согласност со постоечките прописи.<br>• Собира и анализира систематски информации и податоци (контекст на образовни институции/ даватели на услуги) во согласност со предметот на евалуација.<br>• Собира доволни и убедливи докази/ информации со заштита на приватноста, за да поддржи правични, непристрасни и независни наоди од евалуацијатааа, без претпоставки кои се однесуваат на одлуките и искреноста на лицата кои ги донесуваат.<br>• Ги толкува наодите/резултатите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Потврдува прелиминарни наоди/докази со релевантни информации на правичен, непристрасен и независен начин.<br>• Ги зема предвид гледиштата на другите и можните контрадикторни докази со цел да изврши внимателна и веродостојна анализа. |
| 4.2. Обработка и употреба на податоците | Способност за донесување на фер и објективни одлуки<br><br>Користење на квантитативни, квалитативни и комбинирани методи на учење, разбирање, донесување на одлуки и проценки | • Користи докази и толкувања за да донесува заклучоци, евалуации и препораки.<br>• Ги вклучува заинтересираните страни во подготовката, имплементацијата, толкувањето и известувањето за евалуацијата.<br>• Анализира, врши синтеза, просудува, проценува комплексни и контрадикторни докази со цел донесување на правични и објективни проценки врз основа на веродостојни докази, целосно во согласност со важечките закони и прописи, без влијание на сопствените интереси.<br>• Може одговорно да ги поврзе последиците со донесените одлуки.<br>• Користи критериуми за евалуација на ~~сигурен~~ веродостоен начин поради донесување на непобитни и кохерентни проценки кои се целосно конзистентни со доказите. |

| ПОДРАЧЈЕ 5. ЛИДЕРСТВО И УПРАВУВАЊЕ<br><br>Во фокус има одредување и мониторинг на работните планови, временскиот распоред, ресурсите и останатите компоненти кои се потребни за да се заврши евалуацијата и за да се испорачаат извештаите од евалуацијата | | |
|---|---|---|
| 5.1. Планирање и управување | Вмрежување<br><br>Развивање предлози<br><br>Договарање<br><br>Одредување на работни задачи<br><br>Мониторинг на напредокот<br><br>Помош во употреба на резултатите<br><br>Управување со човековите ресурси<br><br>Управување /координација со групите за евалуација<br><br>Обука на екстерните евалуатори<br><br>Советување<br><br>Управување со подобрувањата на квалитетот на услугите на воспитно-образовните институции/ даватели на образовни услуги | • Преговара и управува со тимот за изводливоста и плановите за евалуација, буџет, ресурси и временската рамка.<br>• Правилно го имплементира работниот план за евалуација.<br>• Управува и ги заштитува податоците од евалуацијата.<br>• Планира користење на податоците од евалуацијата во согласност со важечките закони.<br>• Го координира, надгледува и документира процесот и резултатите од  евалуацијата  со цел навремено и соодветно да се обезбедат информациите неопходни за евалуацијата.<br>• Врши мониторинг на процесот и квалитетот на евалуацијата и прави прилагодувања доколку е потребно.<br>• Работи со засегнатите страни на подготовка на евалуацијата доколку е потребно.<br>• Ги извршува сите задачи на екстерен евалуатор, особено во воспитно- образовните институции/даватели на образовни услуги кои имаат проблеми во  управувањето.<br>• Предлага насоки и придонесува за иницирање на нови или ревизија на постоечките образовни политики, стратегии и |

| | | |
|---|---|---|
| | | донесување одлуки, врз основа на наоди и информации од евалуацијата.<br>● Делегира задачи и обезбедува квалитет на работата на останатите евалуатори во тимот, нудејќи професионална поддршка и предизвици во рамките на тимот.<br>● Обработува сложени информации и податоци, поради изведување на прецизни и сигурни проценки, преточувајќи ги во значајни препораки или неопходни мерки.<br>● Континуирано подобрување на експертизата за евалуација преку идентификување и промовирање на добри практики и размена на искуства, што има за цел да го зголеми квалитетот на образовните институции/даватели на услуги. |
| 5.2. Лидерство | | ● Постапува смирено, внимателно, флексибилно и самоуверено за време на активностите за евалуација, конструктивно управувајќи со стресот и спречувајќи/ решавајќи стресни ситуации.<br>● Ги  познаваи ефикасно ги користи стратегиите на лидерство.<br>● Врши стратешко планирање.<br>● Создава стимулативна и мотивирачка работна средина.<br>● Обезбедува континуиран и сигурен проток на релевантни информации меѓу вработените. |

| ПОДРАЧЈЕ 6. КОНТЕКСТ<br><br>Во фокус има разбирање на единствените околности, повеќе перспективи и променливи околкности во кои се одвива евалуацијата, како и нејзините корисници/ засегнати страни во конкретен контекст на средината | | |
|---|---|---|
| 6.1. Свест за одредени околности и контекстот | Свест за место, локација, средина, учесници, заинтересирани страни, организација, структура, култура, историја, традиција, род, политика, верувања, вредности, сила, привилегии | • Разбира и со почит одговара на уникатноста на контекстот на евалуација.<br>• Ангажира релевантен опсег на корисници/ засегнати страни преку процес на евалуација.<br>• Дава рефлексија и опис на контекстот за време на процесот на екстерна евалуација во извештаите. |
| 6.2. Сеопфатна свест (еколошка одржливост, социјална инклузија, родова еднаквост) | | • Идентификува како евалуацијата може да промовира социјална правда (вклучувајќи ја и родовата еднаквост) и јавното добро.<br>• Ги зема во предвид практиките на воспитно-образовните институции/давателите на образовни услуги од аспект на еколошка одржливост, родова еднаквост и социјална инклузија.<br>• Ги разбира стандардите за еколошка одржливост во контекст на училишната практика и идентификува потенцијал за подобрувања на ниво на училишта.<br>• Стимулира употреба на стандарди за еколошка одржливост во управување со училиштето и идентификува добри практики. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ● Стимулира употреба на стандарди за еколошка одржливост во имплементација на наставниот план и наставни програми во училиштата и идентификува добри практики.<br>● Ги разбира принципите на социјална инклузија[2] во контекст на училишната практика и идентификува потенцијал за подобрување на ниво на училиштето.<br>● Стимулира имплементација и интеграција на принципите на социјална инклузија на ниво на управување со училиште.<br>● Стимулира имплементација и интеграција на принципите на социјална инклузија на ниво на имплементација на наставниот план и наставните програми.<br>● Ги разбира принципите за родова еднаквост и идентификува потенцијал за подобрување на ниво на училиштата.<br>● Стимулира принципи за родова еднаквост на ниво на управување со училиште.<br>● Стимулира принципи за родова еднаквост на ниво на имплементација на наставниот план и наставните програма. |

[2] Објаснување